СОЗУ “Кузман Шапкарев” – Битола
ул. “Димитар Робев” бр.3
7000 Битола, Република Македонија
тел./факс: 047/238-401
email: ksapkarev@hotmail.com
web: kuzmansapkarev.edu.mk



ПРЕДМЕТ: ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СОЗУ „КУЗМАН ШАПКАРЕВ“ ЗА УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОД.

Работата на училиштето во тек на учебната 2025/2026 год. се одвиваше според Годишната програма за работа , согласно со законските прописи на Република Македонија кои произлегуваат од законот за средно образование. Истата е доставена до сите релевантни фактори: Министерството за образование и наука, Советот на Општина Битола, Бирото за развој на образованието на Република Македонија, просветниот инспекторат на Општина Битола, во регуларниот законски рок до 31.08.тековната година.

Од тој аспект, направени беа обиди истата максимално да се реализира. Имено СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола како воспитно - образовна организација учествува во оспособувањето на кадри од ***земјоделско-ветеринарната*** струка на ниво на општина и пошироко во регионот. Согласно со тоа, СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола организира и реализира перманентен воспино - образовен процес за повеќе образовни профили и степен на стручна подготовка.

Во тек на учебната 2025/2026 год во нашето училиште беа застапени следните профили:

- **Агротехничар за традиционално и органско производство-** четири годишно образование
- **Ветеринатер техничар -** четири годишно образование,
- **Техничар по фитомедицина -** четири годишно образование
- **Агротехничар -** четири годишно образование,
- **Техничар за агроменаџмент-** четири годишно образование.

БРОЈ НА УЧЕНИЦИ ПО ГОДИНИ И ЗАНИМАЊА

Во СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола во учебната 2025/2026 година бројот на ученици по години е следниот:

I година: 1 паралелка и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас Бр. на ученици
I - 1 2 ученици - Техничар за ветеринарна медицина/
7 ученици - Агротехничар за традиционално и органско производство
Вкупно: 9 ученици

II година: 2 паралелки и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас	Бр. на ученици	
II - 1	4 ученици	Техничар за ветеринарна медицина
II - 1	2 ученици	Техничар по фитомедицина /
II – 2	2 ученици	Агротехничар
II – 2	2 ученици	Техничар за агроменаџмент

Вкупно: 10 ученици

III година: 2 паралелки и тоа во земјоделска-ветеринарна струка

Клас	Бр. на ученици	
III - 1	5 ученици	Техничар за ветеринарна медицина / Агротехничар
III - 2	3 ученици	Техничар по фитомедицина
III - 2	2 ученици	Агротехничар

Вкупно: 10 ученици

IV година: 2 паралелки земјоделско-ветеринарната струка:

Клас	Бр. на ученици	
IV – 1	3 ученици	Техничар за ветеринарна медицина
IV – 1	3 ученици	Агротехничар
IV – 2	3 ученици	Техничар по фитомедицина
IV – 2	2 ученици	Техничар за агроменаџмент

Вкупно: 11 ученици

Вкупно во четирите години 40 ученици.

СОСТОЈБАТА НА КРАЈОТ ОД ШКОЛСКАТА 2025/2026ГОДИНА Е СЛЕДНАТА:

Анализа на успехот и редовноста на учениците по ПРВОТО ПОЛУГОДИЕ во учебната 2025 /2026 год. во СОЗУ „Кузман Шапкарев“ – Битола

На ниво на цело училиште - 2,84

БРОЈНА СОСТОЈБА		
МАШКИ	ЖЕНСКИ	ВКУПНО
31	8	39
Бројна состојба - ученици со ПОП		
2	0	2
УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ		
Одлични	8	20,51%
Мн. Добри	4	10,26%
Добри	6	15,38%
Доволен	8	20,51%
Со 1 слаба оцена	3	7,69%
Со 2 слаби оцени	7	17,95%
Со 3 слаби оцени	3	7,69%
Неоценети	0	0,00%

РЕДОВНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ		
	бројчано	**просек по ученик**
Оправдани	384	10
Неоправдани	104	3
Вкупно	488	13

	Македонци	Албанци	Турци	Роми	Останато	
Машки	23	5	2	1	0	
Женски	8	0	0	0	0	
Вкупно	31	5	2	1	0	
						39

`

Анализа на успехот и редовноста на учениците на КРАЈ
на УЧЕБНАТА 2025 /2026 год. во СОЗУ „Кузман Шапкарев“ – Битола

На ниво на цело училиште - 3.04

БРОЈНА СОСТОЈБА		
МАШКИ	ЖЕНСКИ	ВКУПНО
32	8	40
Бројна состојба - ученици со ПОП		
2	0	2
УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ		
Одлични	9	22.50%
Мн. Добри	5	12.50%
Добри	9	22.50%
Доволен	17	42.50%
Со 1 слаба оцена	0	0.00%
Со 2 слаби оцени	0	0.00%
Со 3 слаби оцени	0	0.00%
Неоценети	0	0.00%

РЕДОВНОСТ НА УЧЕНИЦИТЕ		
	бројчано	**просек по ученик**
Оправдани	829	21
Неоправдани	215	5
Вкупно	1044	26

	Македонци	Албанци	Турци	Роми	Срби	Останато
Машки	24	5	2	1	0	0
Женски	8	0	0	0	0	
Вкупно	32	5	2	1	0	0
						40

Наставата во текот на учебната 2025/2026 година се изведуваше според наставниот календар за организација на учебната 2025/2026 год. Во тек на ***редовна настава*** покрај обработката на воспитно-образовните содржини се вршеше и следење и оценување на учениците.

Исто така се изведувана е и ***дополнителна воспитно-образовна настава*** во вид на: додатна настава, консултативна настава и индивидуална настава. Во Училиштето овој вид на настава се организираше за учениците кои од разни причини покажуваа слаби резултати во совладувањето на програмските содржини.

Паралелно со стручно-теоретската настава се организираше и ***практична настава*** за сите образовни профили во Училиштето која е во во функција на оспособување на учениците за извршување на работните задачи и работи. Оваа настава се реализираше во рамките на постоечките фарми и земјоделското стопанство на Училиштето, за што и непрекинато создаваме услови за поуспешна реализација, но и со нејзината реализација да се увидат резултатите од истата. Практичната настава се изведуваше по групи во сите класови, предводени од стручни наставници, за сите профили од струките а, за подобар квалитет во наставата, таа се изведуваше во смени.

Исто така, дел од практичната настава се изведуваше во соработка со ветеринарни станици во Битола (Анимал Кеар Клиник , Др Чупона), АД Пелагонија, ЈП Комуналец, АД Млекара од Битола, ЗОО Градина, Краварски фарми во Породин, Новаци, СИНПЕКС, ДООЕЛ Евро Стил и сл.

Во училиштето согласно со програмските определби за реформирано средно образование постојат и ***содржини програмирани од Училишето*** кои се таков облик на образовна дејност со кои училиштето им излегува во пресрет на дел од учениците кои сакаат да изучуваат други содржини или да реализираат други активности надвор од задолжителниот дел.

Во рамките на слободните часови на Училиштето, во неколку наврати беше извршено теренско истражување на учениците, при што во согласност со проектите беа посетени повеќе инстуции и објекти.

Со цел учениците од I - IV година да бидат медицински згрижени, организирани беа систематски прегледи и вакцинации.

Со цел да се заштити здравјето на учениците се превземаа мерки за обнова и реновирање на училишниот намештај, редовно одржување на хигиената на училниците, спортската сала, санитарните јазли, подобрување на личната хигиена по престојот на фармите почитување на куќниот ред и др.

Исто така, механизацијата во стопанството со цел успешно спроведување на практичната настава беше редовно одржувана.

Наставата како најважен сегмент од воспитно-образовната работа во училиштето беше предмет на континуирано следење. Следењето на наствата се реализира на повеќе нивоа и во него учествуваа сите субјекти кои непосредно ја реализираат: Директорот, психологот меѓусебната посета на наставниците од исти стручни активи.

Унапредувањето на наставата во Училиштето како на теоретската така и на практичната и на друга форма, се одвиваше и со примена на аудио-визуелните средства кои се на располагање на наставниците во библиотеката, како и со користење на компјутерите во соодветните кабинети.

Соработката со родителите на учениците и нивните семејства како битен елемент за воспоставување на спона на релација ученик-наставник, родител-состојба и ситуација во семејството беше редовно практикувана. Главни носители во оваа соработка беа класните раководители кои беа должни да ги известуваат родителите за посета на родителските средби, како и предметните наставници во период кога немаат часови.

И оваа учебна година од страна на училишниот психолог беа организирани советувања за родителите на нередовните и проблематични ученици.

Исто така, Советот на родителите како битна спона преку која родителите ги остваруваат нивните интерес редовно одржуваше свои состаноци.

Во тек на учебната 2025/2026 година редовно беа одржани повеќе седници на Наставничкиот колегиум на Училиштето, како и состаноци на Советот на годината кои се одвиваа според предвидена програма во зависност од периодот на годината.

Во рамките на ***училишното стопанство*** беа изведени следните активности:

- Припрема и сеидба на есенски посеви (јачмен и сточен грашок за сено);
- Припрема на земјоделските машини за пролетна сеидба;
- Подготовка на површините за пролетна сеидба (пченка за зрно и силажа);
- Обезбедување на семенски други материјали;
- Организација и изведба на пролетната сеидба (пченка за зрно и силажа);
- Нега на есенските посеви (заштита од плевели и пролетно ѓубрење);
- Организирање и изведување наводнување на пролетните култури;
- Косидба и балирање на фуражни култури и сточен грашок;
- Генерално чистење и дезинфекција на краварската фарма
- Заштита на пролетните посеви од болести, штетници и плевели;
- Подготовка на земјоделските машини за изведување на жетвените работи;
- Подготвување на извештај за бројната и здравствената состојба во училишната фарма;
- Изведување на феријалната пракса, жетва и косидба.
- Активности за есенска сеидба и прибирање на пролетните посеви.
- Дел од практичната настава во училиштето се изведуваше во ботаничка градина на површина од два декари каде се засадени садници од најразлични овошни култури,градинарски култури, зачински растенија и други растенија. Наводнувањето во истата е спроведено со ***системот за наводнување капка по капка***.
- Во два наврати е извршена дезинфекција дезинсекција и дератизација на училиштето од страна на стручна екипа. Направени се и годишни санитарни и здравствени прегледи на вработените.

Постигнат успех на натпревари:

На 54 Државен тракторски натпревар во организација на СОУ Гоце Делчев - Валандово, Невладиното здружение на земјоделско - ветеринарни и шумарски училишта Тера Фитон Анимал и Општина Валандово, нашите ученици Николче Ѓоршески и Петар Јанкуловски, заедно со нивните ментори освоија трето место во две различни категории.

III место во дисциплината „Органско производство“

- Ученик: Антонио Чокузовски I - Агротехничар за традиционално и органско производство
  Ментор: наставник Лидија Трајкова

I МЕСТО НА РЕГИОНАЛНИОТ НАТПРЕВАР НА ВЕШТИНИ за Елена Јаковлеска од I-1, под менторство на професорката Лидија Трајкова. На регионален натпревар за хортикултурни вештини: создавање идни зелени претприемачи организиран од Здружението на средни училишта “Тера Фитон Анимал“, а во рамките на проектот „Зајакнувате на младите: Градење вештини креирање иднина.„ Финансиран од Европска Унија и имплементиран од Занаетчиската комора – Скопје Учесници се СОЗУ „КЗУМАН ШАПКАРЕВ“ – Битола и СУ „ЦАР САМОИЛ“ – Ресен.
Поддржувачи на настанот: Green Garden Centar & Rasadnik,Hemometal Doo Bitola, Совет за женско претприемништво, Организација на жени од Општина Битола, БАГА ФООД ДОО МК-ЕКОПАК, ООУ Коле Канински – Битола, ООУ Даме Груев – Битола, ООУ Стив Наумов - Битола

II МЕСТО НА НАЦИОНАЛЕН НАТПРЕВАР НА ВЕШТИНИ за Елена Јаковлеска од I-1, под менторство на професорката Лидија Трајкова на Националниот натпревар на вештини, наменет за ученици од средните стручни училишта. На 11 и 12 мај 2026 година, во АСУЦ „Боро Петрушевски“ – Скопје, се одржа Националниот натпревар на вештини во организација на Занаетчиска комора Скопје, со поддршка од Европската Унија. На овој значаен настан учествуваа ученици од средните стручни училишта од целата држава, а успешен настап им посакаа министерката за образование и наука проф. д-р Весна Јаневска, амбасадорот на Европската Унија Михалис Рокас, градоначалникот на Скопје Орце Ѓорѓиевски, директорот на Центарот за развој на стручно образование и обука Бесник Зендели и претседателот на Занаетчиска комора Скопје Горан Ристовски.

Учество и одобрување на средства за изградба на **Отворена ЕКО Училница на UPSHIFT** процес за социјално претприемништво и иновации овој проект претставува докажана глобална програма за млади, која комбинира обука за социјално претпиемништво,менторство и финансиска подршка. Проектот се реализира со цел да им се овозможи на учениците да станат двигатели на позитивни промени во својата заедница,создавајќи иновативни решенија за нив. Проектот во целост се потпира на методологијата на дизајнерско размислување.
Цели на проектот

Општи цели: развој на претприемачки вештини,критичко размислување и социјална одговорност кај учениците преку практична примена на методологијата на дизајнерско размислување за решавање на локални предизвици.
Специфични цели:
-Стекнување на вештини за тимска работа,ефективна комуникација и јавен настап.
-Подигнување на свеста за социјалните,еколошките и инфраструктурните проблеми во заедницата.
-Зајакнување на капацитетот на наставниот кадар за менторирање на иновативни ученички проекти
-Воспоставување соработка помеѓу училиштето,граѓанскиот сектор и бизнис заедницата.
Придобивки за учениците:
-Практично искуство
-Развој на меки вештини
-Финансиска писменост
-Зголемена самодоверба
Придобивки за училиштето:
-Модернизација на наставата
-Подобар имиџ
-Подобрена инфаструктура,ресурси
-Професионален развој

Во проектот беше вклучен професорот Зоран Трајчевски со ученици од прва и втора година,временската рамка од 16.02 до 20.05.2026година.Проектот е целосно подржан и финансиран преку програмата UPSHIFT.

Според календарот за организација на учебната 2025/2026 година беше организирано полагање на државна матура и завршен испит за сите ученици од IV година.

СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА

Во согласност со програмата на училишниот психолог, реализирани се различни облици на соработка со локалната самоуправа, разновидни предавања со теми од актуелно значење за возраста на учениците, поради подигање на физичката и менталната култура.

Училиштето и локалната сомоуправа соработуваат и активностите успешно ги реализираат. На ниво на локална самоуправа најчесто соработката е со ОО Црвен Краст – Битола, Невладини организации, Средства за информирање, МВР – Битола, Центар за јавно здравје – Битола.

СЕПТЕМВРИ 2025год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
09-16.09.2025г. Хуманитарна акција за собирање и донирање на УЧИЛИШТЕН ПРИБОР. ВКЛУЧЕНИ СИТЕ УЧЕНИЦИ И ВРАБОТЕНИ. **15 и 17.09.2025год.** Врсничката школа за млади за личен и кариерен развој во организација на YMCA Bitola. Сара Гашовска и Ивана Јончиќ од II-1 и Давид Каревски и Гаврил Димивски од III-1. **29.09.2025г.** Во училиштето се одржаа фер и демократски избори за Ученичкиот совет. Учениците на нашето училиште, во присуство на Марија Филиповска, Лидија Трајкова и Живка Иванова, а пред своите соученици, класни раководители и директорот, најпрво се		**25.09.2025г.** Општинската Организација на Црвен крст Битола ја одбележа ПХВ неделата со свечен настан во НУ Универзитетска Библиотека “Св. Климент Охридски” Битола каде беа доделени дипломи за учество на Сара Гашовска и Ивана Јончиќ од II-1.

запознаа со принципот за фер и демократски избори и според тие принципи избраа претседател, потпретседател и генерален секретар на Ученичкиот совет. Исто така учениците избраа координатори и **претставници на ученици од ученичкиот совет кои ќе присуствуваат на училишниот одбор, стручните органи и консултативни тела и во советот на родители** **Ученици учесници – СИТЕ УЧЕНИЦИ**		

ОКТОМВРИ 2025год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	**ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**	**СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**
<u>15.10.2025год.</u> - По повод 16 Октомври **Светскиот ден на храната и агрокултурата** професорките по стручни предмети Живка Иванова и Лидија Трајкова и професорите Илче Здаваски и Зоран Трајчевски како и Марија Филиповска – психолог, заедно со **Europe House Bitola** организираа трибина на тема на „„ГМО – борба против гладта или	**<u>10.10.2025год.</u> по повод СВЕТСКИОТ ДЕН НА МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ –** психологот Марија Филиповска одржаа предавање на тема **„МЕНТАЛНОТО ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА НА УЧЕНИЦИТЕ“**. Вклучени сите ученици од сите години.	**<u>01-07.10.2025г. НЕДЕЛА НА МЛАДИ.</u>** Општинската Организација на Црвен крст Битола ја одбележаја неделата на млади под мотото “Биди промената што сакаш да ја видиш”! Ученици учесници: Сара Гашовска и Ивана Јончиќ од II-1. **<u>14.10.2025год.</u>** Инфо сесијата во организација на **Europe**

предизвик?“. **Ученици учесници – СИТЕ УЧЕНИЦИ**		**House Bitola** за можностите за студирање во Европските држави. Студентите имаа шанса да дознаат повеќе за програмите Erasmus+ и другите иницијативи на земјите членки на ЕУ, како и како да ги искористат овие можности за студии во странство. Ученици учесници од IV-1 и IV-2. **13-17.09.2025г.** По повод 16 Октомври **Светскиот ден на храната и агрокултурата** се организира Хуманитарна акција за собирање и донирање на НЕРАСИПЛИВА ХРАНА ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА во соработка со **Општинската Организација на Црвен крст Битола**. ВКЛУЧЕНИ СИТЕ УЧЕНИЦИ И ВРАБОТЕНИ. **30.10.2025г.** Проект “Младински политики по мерка на младите“ Едукативно-интерактивна работилница на тема: “Менталното здравје кај младите“ Ученици учесници: Јована Колевска, Димитар Кузманоски, Елена

		Јаковлеска, Иван Петровски и Стефан Димитријевски од Iгод.

НОЕМВРИ 2025год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
	26.11.2025Г. – Д-р Јован Тодоровски од ЈЗУ„Центарв за јавно здравје“ – Битола, одржа едукативно предавање од областа на задравството на тема Зависности – никотинска, наркотици, алкохол и игри на среќа – ВКЛУЧЕНИ СИТЕ УЧЕНИЦИ ОД СИТЕ КЛАСОВИ	**<u>24.11.2025год.</u>** претставникот од **УЈП** РД Битола пред учениците од IVгодина. Одржа предавање на тема „Даночна едукација на младите.“

ДЕКЕМВРИ 2025год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
	<u>23.12.2025г.</u> Ученици учесници – СИТЕ УЧЕНИЦИ Превентивно и едукативна кампања организирана од ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија Д-р Дарко Алексовски и Министерството за внатрешни работи самостоен инспектор Ките Трајковски, одржаа предавање	**<u>03.12.2025год.</u>** 3 ДЕКЕМВРИ, МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЛИЦАТА СО ПОПРЕЧЕНОСТ, учениците од СОЗУ "Кузман Шапкарев" - Битола заедно со психологот Марија Филиповска, го одбележаја со симболично дефиле по Широк Сокак од пред Епинал до Офицерски, заедно со Лајонс Кабадаја и децата од РЦ "Кочо Рацин" – Битола.

	под мотото „СТОП за употребата на пиротехнички средства”. На учениците им се укажа за можните опасности и здравствени последици од употребата на петарди и други пиротехнички средства, како и потенцирање на казнените законски одредби за неовластена употреба на пиротехнички средства на јавно место, што претставува општа опасност со која се загрозува сигурноста и безбедноста на сите. ПРАЗНУВАЈТЕ РАЗУМНО	ВКЛУЧЕНИ УЧЕНИЦИ ОД II-1 **<u>03.12.2025год.</u>** Трибина на тема „ДИГИТАЛНА ЗОНА-БЕЗБЕДНИ ТИНЕЈЏЕРИ, БЕЗ НАСИЛСТВО“ Подигнување на свеста кај средношколците за дигиталното насилство, токсичните онлајн врски, онлајн уцените, притисоците и предизвиците кои младите ги доживуваат на социјалните мрежи. Стручната фела, невладините, учениците, дискутираа на овие теми и проблеми на настанот „Дигитална зона-безбедни тинејџери, без насилство“, организиран од здружението за развој на ромската заедница „Сумнал“ во КИЦ – Битола – Офицерски Дом. – Вклучени ученици од II-1 заедно со психологот Марија Филиповска **<u>11.12.2025год.</u>** во соработка со ОО Црвен Крст- Битола се одржа Симулациона вежба

		"ПОЖАР", за најдоброто на учениците и вработените се покажа како соодветно да се реагира за време на ПОЖАР. Останати вклучени институции: ППТЕ Битола, ЦУК Битола, ДЗС Битола, МВР Битола, ООЦрвен Крст Битола и ЈЗУ Здравствен дом „Д-р.Хаим Абраванел“ Битола - Итна медицинска помош. Главната цел на ваквите вежби произлегува од проверката на степенот на подготвеност на капацитетите на образовните институции како и координацијата меѓу тимовите на Црвениот крст и останатите чинители на системот за кризен менаџмент. **<u>23.12.2025г.</u> Ученици учесници – СИТЕ УЧЕНИЦИ** **Младинскиот Центар Битола,** кој функционира под покровителство **на Општина** **Битола** и претставува простор наменет за неформално образование, личен и професионален развој на младите одржа информативна презентација.

		Учениците беа информирани дека во рамките на Центарот се организираат различни клубови и активности со цел поттикнување на младинскиот ангажман, креативноста и градење на животни вештини.

ФЕВРУАРИ 2026од.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	**ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ**	**СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА**
03.02.2026г. - Едукативно предавање за "ЛИЧЕН РАСТ и КАРИЕРЕН РАЗВОЈ" за учениците од **III и IV год.** од страна на ученичките Сара Гашовска, Ивана Јончиќ и Теодора Ѓуроска, со поддршка од наставникот-кариерен советник Нада Христовска и психологот Марија Филиповска **14.02.2026г. -** Св. Трифун Чудотворец и покровител на земјоделците и лозарите Со љубов и почит кон традицијата, учениците и наставнивите заеднички го закроивме нашето	**12.02.2026г.** Општинската Организација на Црвен крст Битола едукација на тема „Превенција од болести на зависности“ **Вклучени сите ученици од сите години**	**06.02.2026год,** во прсториите на СОЗУ „Кузман Шапкарев“, под менторство на професорката Лидија Трајкова, се реализира натпревар за хортикултурни вештини: создавање идни зелени претприемачи“. Темата беше Аранжирање на цвеќе. Натпреварот е во соработка со Здружението на средни училишта Тера Фитон Анимал, како дел од проектот „Зајакнување на младите: Градење вештини креирање иднина“, финансиран од Европска Унија и имплементиран од Занаетчиска комора Скопје. На самиот натпревар беа

училишно лозје по повод празникот на Св. Трифун. Нека овој симболичен чин донесе бериќет, здравје и плодна година, исполнета со успеси и радост. Преку негувањето на лозјето ги чуваме обичаите, ја учиме вредноста на трудот и ја продолжуваме традицијата што се пренесува од генерација на генерација. Нека ни е честит и вековит празникот на Св. Трифун! **Вклучени сите ученици од сите години** **21.02.2026г.** По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик се реализираа интерактивни предавања за зачувување и негување на македонскиот јазик од страна на професорите Васко Јошевски и Елизабета Јончиќ од ДСУ Спортска академија – Битола. Со кратка презентација за дијахронискиот развиток и значењето на македонскиот јазик. Исто така беа истакнати говорните заедници на англискиот јазик на глобално ниво. Преку мултилингвални зборови и играта Kahoot		пријавени 15 ученици кои покажаја голем интерес и желба за стекнување на хортикултурни и претприемачки вештини. Натпреварот го следеја наставници, ученици, родители и претставници од локалната заедница. **Вклучени сите ученици од сите години** **19.02.2026г.** во Малата Сала на Центар за Култура Битола Ученичките од I-1 Јована Колевска и Елена Јаковлеска, од II-1 Анабела Драгановска и Ивана Јончиќ заедно со психологот Марија Филиповска присуствуваа на проекцијата на филмот МОДРИНКИ на ДУШАТА во продукција на Општинската Организација на Црвен крст Битола а во соработка со Општинскиот Совет за превенција од детско престапништво при Општина Битола. После прикажувањето на филмот, изработен од Александар Василевски и волонтерите на Општинската Организација на Црвен крст Битола, следеше и панел дискусија на тема меѓуврсничко насилство.

учениците имаа можност да ги согледаат меѓујазичните врски и да ги искажат своите знаења. **Вклучени сите ученици од сите години**		

МАРТ 2026год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
	11.03.2026г. за учениците од II-2 психологот Марија Филиповска одржа работилница според програма за МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ одобрена од БРО за „ **Развивање на свесноста за сопствените емоции“ и се изработија следниве в**ежби: - Споредба на листи на придавки - Раскажи ја својата приказна во трето лице - Три Зошто	**23.03.2026г.** Еко клуб на Младински Центар Битола / Youth Center Bitola со нивните инспиративни младински работници и заедно со психологот Марија Филиповска преку креативна работилница, и квизови ги едуцираа учениците за рециклирање и се развиваше ЕКО СВЕСТА. **Вклучени сите ученици од сите години** **31.03.2026**г. се одржа регионален натпревар за хортикултурни вештини: создавање идни зелени претприемачи организиран од Здружението на средни училишта “Тера Фитон Анимал“, а во рамките на проектот „Зајакнувате на

		младите: Градење вештини креирање иднина.„ Финансиран од Европска Унија и имплементиран од Занаетчиската комора – Скопје. Поддржувачи на настанот: Green Garden Centar & Rasadnik Hemometal Doo Bitola Совет за женско претприемништво Организација на жени од Општина Битола БАГА ФООД ДОО МК-ЕКОПАК ООУ Коле Канински - Битола ООУ Даме Груев - Битола ООУ Стив Наумов - Битола Вклучени во организација сите ученици а натпреварувачи беа учениците од I-1 Елена Јаковлеска и Стефан Димитријевски.

АПРИЛ 2026год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
	13.04.2026г. за сите учениците психологот Марија Филиповска одржа работилница според програма за МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ одобрена од БРО за „ **Самодоверба“**	**08.04.2026г.** Europe House Bitola заедно со учениците успешно успешно реализираа еко акција. Училишниот простор во ООУ „Елпира Караманди“ и дворот беа темелно исчистен и хортикултурно уредени. Ваквата активност го истакнува значењето на хортикултурата – уметност што ја оживува природата и ѝ дава естетска форма која директно се пренесува на секојдневието. Со избрани растенија, младите направија зелена композиција. Оваа иницијатива ги обедини младите за заедничка цел – почиста и поубава средина. **Вклучени ученици од сите години.** **17.04.2026г.** Биди дел од АРМИЈАТА на Р.С. Македонија Бклучени ученици од IV-год.

МАЈ 2026год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
07.05.2026год.ЕКО АКЦИЈА за Уредување на училишниот двор. **Вклучени сите ученици од сите години**	**28.05.2026г.** Училишта без тутун – едукативно предавање за превенција и одвикнување од конзумирање на туту. Институт за јавно здравје на Р. С. Македонија **Вклучени сите ученици од сите години**	**07.05.2026год.** Осмоодделенци вклучени во заеднички проект со прифатилиштето за кучиња „Хачико“, учествуваа во интерактивен разговор со ветеринарен наставник од нашето училиште на тема „Ветеринарно здраствено значење при згрижување на домашните миленици“ Средбата се искористи и за презентирање за можностите кои ги нуди училиштето преку теоретска и практична настава. Вклучени учениците кои учет на смерот Техничар по ветеринарна медицина. **08.05.2026г.** сите ученици заедно со сите вработени активно учествуваа во Generalka Weekend **09.05.2026г.** - Кариерен предизвик - Средба на генерации, размена на искуства, кариерни патеки. Учениците кои учет на

		смерот Техничар по ветеринарна медицина присутни на Семинарот од областа на ветеринарна медицина со меѓународно учество во организација на Ветеринарниот факултет при УКЛО Битола и Ветеринарната комора, беше можност за стручно усовршување, запознавање со нови трендови во ветеринарната медицина Мораме да истакнеме дека сме горди на нашите ученици кои зедоа активно учество како предавачи, воедно успешни специјализанти и докторанти. **13.05.2026г.** ВТОРО МЕСТО НА НАЦИОНАЛЕН НАТПРЕВАР НА ВЕШТИНИ за Елена Јаковлеска од I-1, под менторство на професоркатаЛидија Трајкова на Националниот натпревар на вештини, наменет за ученици од средните стручни училишта! На 11 и 12 мај 2026 година, во АСУЦ „Боро Петрушевски“ – Скопје, се одржа Националниот натпревар на вештини во организација на Занаетчиска комора Скопје, со поддршка од Европската

		Унија. На овој значаен настан учествуваа ученици од средните стручни училишта од целата држава, а успешен настап им посакаа министерката за образование и наука проф. д-р Весна Јаневска, амбасадорот на Европската Унија Михалис Рокас, градоначалникот на Скопје Орце Ѓорѓиевски, директорот на Центарот за развој на стручно образование и обука Бесник Зендели и претседателот на Занаетчиска комора Скопје Горан Ристовски. **14.05.2026г.** СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола како домаќин организизираа меѓуучилишен турнир во фудбал во сала. Нашите ученици под менторство на Нели Панова покажувајќи одличен тимски дух, борбеност и спортски талент, го освоиа второто место. Благодарност и честитки до сите останати училишта кои учествуваа на овај турнир, **13.05.2026** год. во НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола,

		се одржа Ораторски натпревар на тема: „Кому му припаѓаме - на себеси или на туѓите очекувања?“ На овој натпревар учество зедоа 16 ученици од средните училишта Честитки до ученичките и менторот за успешното претставување на нашето училиште - Сара Гашовска, II година, - Елена Јаковлевска, I година, - Јована Колевска, I година, Ментор на учениците – говорници : • Дијана Котевска - наставник по македонски јазик и литература **19.05.2026г.** Интерактивниот отворен ден „Агро-Фест: Учи, Допри, Создај“, организиран од СОЗУ „Кузман Шапкарев“ - Битола. Целта на овој настан е да се доближи ЗЕМЈОДЕЛСКОТО УЧИЛИШТЕ и земјоделството до основците IX одделенци и поширокаta заедница преку практични и едукативни активности. Програмата опфати: • Работилници, демонстрации и интересни предавања (Учи) • Практични активности и истражувања од прва рака

		(Допри) • Креативни активности и идеи за подобра иднина (Создај) За сите посетители беа организирани: • Интерактивни штандови • Дружба помеѓу учениците и професори и посетителите • Многу изненадувања **22.05.2026г.** Slow Food Училишни Градини ОД БЕТОН ДО ЗЕЛЕНИЛО Со учениците од Земјоделското училиште Кузман Шапкарев успешно се заокружи втората фаза од иницијатива за активно вклучување и едукација на млади преку поставување и промоција на градините како училници на отворено. Под мотото „Предизвик за агроекологија“, фокусот се стави на младинскиот активизам и трансформацијата на урбаното зеленило. Младите покажаа како волонтерскиот дух може да го промени ликот на градот: Учениците со својата стручност повторно во еко мисија - ЗА ПОУБАВА и ПОЗЕЛЕНА Битола. **28.05.2026г.** Учество на Саемот на средни училиште

		во организација на Општина Битола и КИЦ Битола. Вклучени сите ученици и сите вработени.

ФЕВРУАРИ 2026од.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
03.02.2026г. - Едукативно предавање за "ЛИЧЕН РАСТ и КАРИЕРЕН РАЗВОЈ" за учениците од **III и IV год.** од страна на ученичките Сара Гашовска, Ивана Јончиќ и Теодора Ѓуроска, со поддршка од наставникот-кариерен советник Нада Христовска и психологот Марија Филиповска **14.02.2026г. -** Св. Трифун Чудотворец и покровител на земјоделците и лозарите Со љубов и почит кон традицијата, учениците и наставнивите заеднички го закроивме нашето училишно лозје по повод празникот на Св. Трифун. Нека овој симболичен чин донесе бериќет, здравје и плодна година, исполнета со успеси и радост. Преку негувањето на лозјето ги чуваме обичаите, ја учиме	**12.02.2026г.** Општинската Организација на Црвен крст Битола едукација на тема „Превенција од болести на зависности“ **Вклучени сите ученици од сите години**	**06.02.2026год,** во прсториите на СОЗУ „Кузман Шапкарев“, под менторство на професорката Лидија Трајкова, се реализира натпревар за хортикултурни вештини: создавање идни зелени претприемачи“. Темата беше Аранжирање на цвеќе. Натпреварот е во соработка со Здружението на средни училишта Тера Фитон Анимал, како дел од проектот „Зајакнување на младите: Градење вештини креирање иднина“, финансиран од Европска Унија и имплементиран од Занаетчиска комора Скопје. На самиот натпревар беа пријавени 15 ученици кои покажаја голем интерес и желба за стекнување на хортикултурни и претприемачки вештини. Натпреварот го следеја

вредноста на трудот и ја продолжуваме традицијата што се пренесува од генерација на генерација. Нека ни е честит и вековит празникот на Св. Трифун! **Вклучени сите ученици од сите години** **21.02.2026г.** По повод Меѓународниот ден на мајчиниот јазик се реализираа интерактивни предавања за зачувување и негување на македонскиот јазик од страна на професорите Васко Јошевски и Елизабета Јончиќ од ДСУ Спортска академија – Битола. Со кратка презентација за дијахронискиот развиток и значењето на македонскиот јазик. Исто така беа истакнати говорните заедници на англискиот јазик на глобално ниво. Преку мултилингвални зборови и играта Kahoot учениците имаа можност да ги согледаат меѓујазичните врски и да ги искажат своите знаења. **Вклучени сите ученици од сите години**		наставници, ученици, родители и претставници од локалната заедница. **Вклучени сите ученици од сите години** **19.02.2026г.** во Малата Сала на Центар за Култура Битола Ученичките од I-1 Јована Колевска и Елена Јаковлеска, од II-1 Анабела Драгановска и Ивана Јончиќ заедно со психологот Марија Филиповска присуствуваа на проекцијата на филмот МОДРИНКИ на ДУШАТА во продукција на Општинската Организација на Црвен крст Битола а во соработка со Општинскиот Совет за превенција од детско престапништво при Општина Битола. После прикажувањето на филмот, изработен од Александар Василевски и волонтерите на Општинската Организација на Црвен крст Битола, следеше и панел дискусија на тема меѓуврснички насилство.

МАРТ 2026год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
	11.03.2026г. за учениците од II-2 психологот Марија Филиповска одржа работилница според програма за МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ одобрена од БРО за „ **Развивање на свесноста за сопствените емоции“ и се изработија следниве в**ежби: - Споредба на листи на придавки - Раскажи ја својата приказна во трето лице - Три Зошто	**23.03.2026г.** Еко клуб на Младински Центар Битола / Youth Center Bitola со нивните инспиративни младински работници и заедно со психологот Марија Филиповска преку креативна работилница, и квизови ги едуцираа учениците за рециклирање и се развиваше ЕКО СВЕСТА. **Вклучени сите ученици од сите години** **31.03.2026**г. се одржа регионален натпревар за хортикултурни вештини: создавање идни зелени претприемачи организиран од Здружението на средни училишта “Тера Фитон Анимал“, а во рамките на проектот „Зајакнувате на младите: Градење вештини креирање иднина.„ Финансиран од Европска Унија и имплементиран од Занаетчиската комора – Скопје. Поддржувачи на настанот: Green Garden Centar & Rasadnik

		Hemometal Doo Bitola Совет за женско претприемништво Организација на жени од Општина Битола БАГА ФООД ДОО МК-ЕКОПАК ООУ Коле Канински - Битола ООУ Даме Груев - Битола ООУ Стив Наумов - Битола Вклучени во организација сите ученици а натпреварувачи беа учениците од I-1 Елена Јаковлеска и Стефан Димитријевски.

АПРИЛ 2026год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
	13.04.2026г. за сите учениците психологот Марија Филиповска одржа работилница според програма за МЕНТАЛНО ЗДРАВЈЕ одобрена од БРО за „ **Самодоверба“**	**08.04.2026г.** Europe House Bitola заедно со учениците успешно успешно реализираа еко акција. Училишниот простор во ООУ „Елпира Караманди“ и дворот беа темелно исчистен и хортикултурно уредени. Ваквата активност го истакнува значењето на хортикултурата – уметност што ја оживува природата и

		ѝ дава естетска форма која директно се пренесува на секојдневието. Со избрани растенија, младите направија зелена композиција. Оваа иницијатива ги обедини младите за заедничка цел – почиста и поубава средина. **Вклучени ученици од сите години.** **17.04.2026г.** Биди дел од АРМИЈАТА на Р.С. Македонија Бклучени ученици од IV-год.

МАЈ 2026год.

СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ	ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ	СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА
07.05.2026год.ЕКО АКЦИЈА за Уредување на училишниот двор. **Вклучени сите ученици од сите години**	**28.05.2026г.** Училишта без тутун – едукативно предавање за превенција и одвикнување од конзумирање на туту. Институт за јавно здравје на Р. С. Македонија	**07.05.2026год.** Осмоодделенци вклучени во заеднички проект со прифатилиштето за кучиња „Хачико“, учествуваа во интерактивен разговор со ветеринарен наставник од

	Вклучени сите ученици од сите години	нашето училиште на тема „Ветеринарно здраствено значење при згрижување на домашните миленици“ Средбата се искористи и за презентирање за можностите кои ги нуди училиштето преку теоретска и практична настава. Вклучени учениците кои учет на смерот Техничар по ветеринарна медицина. **08.05.2026г.** сите ученици заедно со сите вработени активно учествуваа во Generalka Weekend **09.05.2026г.** - Кариерен предизвик - Средба на генерации, размена на искуства, кариерни патеки. Учениците кои учет на смерот Техничар по ветеринарна медицина присутни на Семинарот од областа на ветеринарна медицина со меѓународно учество во организација на Ветеринарниот факултет при УКЛО Битола и Ветеринарната комора, беше можност за стручно усовршување, запознавање со нови трендови во

		ветеринарната медицина Мораме да истакнеме дека сме горди на нашите ученици кои зедоа активно учество како предавачи, воедно успешни специјализанти и докторанти. **13.05.2026г.** ВТОРО МЕСТО НА НАЦИОНАЛЕН НАТПРЕВАР НА ВЕШТИНИ за Елена Јаковлеска од I-1, под менторство на професоркатаЛидија Трајкова на Националниот натпревар на вештини, наменет за ученици од средните стручни училишта! На 11 и 12 мај 2026 година, во АСУЦ „Боро Петрушевски“ – Скопје, се одржа Националниот натпревар на вештини во организација на Занаетчиска комора Скопје, со поддршка од Европската Унија. На овој значаен настан учествуваа ученици од средните стручни училишта од целата држава, а успешен настап им посакаа министерката за образование и наука проф. д-р Весна Јаневска, амбасадорот на Европската Унија Михалис Рокас, градоначалникот на Скопје

		Орце Ѓорѓиевски, директорот на Центарот за развој на стручно образование и обука Бесник Зендели и претседателот на Занаетчиска комора Скопје Горан Ристовски. **14.05.2026г.** СОЗУ Кузман Шапкарев - Битола како домаќин организизираа меѓуучилишен турнир во фудбал во сала. Нашите ученици под менторство на Нели Панова покажувајќи одличен тимски дух, борбеност и спортски талент, го освоиа второто место. Благодарност и честитки до сите останати училишта кои учествуваа на овај турнир, **13.05.2026** год. во НУУБ „Св. Климент Охридски“ - Битола, се одржа Ораторски натпревар на тема: „Кому му припаѓаме - на себеси или на туѓите очекувања?“ На овој натпревар учество зедоа 16 ученици од средните училишта Честитки до ученичките и менторот за успешното претставување на нашето училиште

		- Сара Гашовска, II година, - Елена Јаковлевска, I година, - Јована Колевска, I година, Ментор на учениците – говорници : • Дијана Котевска - наставник по македонски јазик и литература **19.05.2026г.** Интерактивниот отворен ден „Агро-Фест: Учи, Допри, Создај“, организиран од СОЗУ „Кузман Шапкарев“ - Битола. Целта на овој настан е да се доближи ЗЕМЈОДЕЛСКОТО УЧИЛИШТЕ и земјоделството до основците IX одделенци и поширокатa заедница преку практични и едукативни активности. Програмата опфати: • Работилници, демонстрации и интересни предавања (Учи) • Практични активности и истражувања од прва рака (Допри) • Креативни активности и идеи за подобра иднина (Создај) За сите посетители беа организирани: • Интерактивни штандови • Дружба помеѓу учениците и професори и посетителите • Многу изненадувања

		22.05.2026г. Slow Food Училишни Градини ОД БЕТОН ДО ЗЕЛЕНИЛО Со учениците од Земјоделското училиште Кузман Шапкарев успешно се заокружи втората фаза од иницијатива за активно вклучување и едукација на млади преку поставување и промоција на градините како училници на отворено. Под мотото „Предизвик за агроекологија“, фокусот се стави на младинскиот активизам и трансформацијата на урбаното зеленило. Младите покажаа како волонтерскиот дух може да го промени ликот на градот: Учениците со својата стручност повторно во еко мисија - ЗА ПОУБАВА и ПОЗЕЛЕНА Битола. **28.05.2026г.** Учество на Саемот на средни училиште во организација на Општина Битола и КИЦ Битола. Вклучени сите ученици и сите вработени.

ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ:

1. Во периодот од јули-август 2025 год, во училниците од првиот спрат беше направена репарација на дел од дрвените подови.
2. Во периодот на август 2025 год., подготовка на сите училници за започнување на настава (промена на неонски светла, замена на стари и оштетени столчиња и клупи)
3. Во периодот на август 2025 год., фарбање и санирање на дефекти во санитарните јазли.

Во 2025 година набавени се следните земјоделски машини (нагледни средства):

- Тракторска косачка
- Тробразден плуг
- Моторна пила
- Топ за наводнување
- Тример
- Електричен стартер

Моментално во краварската фарма имаме 6 крави и 4 телиња.
Исто така во парцелите од училишното стопанство имаме 2.9 хектари пченка за силања, 2.6 хектари пченка за зрно и 6 хектари луцерка.

ИЗВЕШТАЈ
за спроведената уписна политика на училиштето
за учебната 2025/2026 година

Во функција на спроведување на уписната политика на училиштето за учебната 2026/2027 година, во текот на 2025/26 година беа реализирани повеќе активности насочени кон промоција на училиштето, неговите образовни профили и можностите што ги нуди за стекнување практични знаења и компетенции. Посебен акцент беше ставен на непосредното информирање на учениците од основните училишта, промоција на стручното образование и претставување на практичната работа и проектните активности што се реализираат во училиштето.

Во периодот април – јуни 2026 година беа реализирани посети и активности за промоција на училиштето во повеќе основни училишта во Битола и околните општини. Промотивните активности беа реализирани во:
ООУ „Славко Лумбарковски“, Општина Новаци;
ООУ „Крсте Петков Мисирков“, с. Бистрица и с. Кишава;
ООУ „Браќа Миладиновци“, с. Добрушево;
ООУ „Кочо Рацин“, с. Ивањевци;
ООУ „Гоце Делчев“, Општина Могила.

При посетите учениците од основните училишта беа запознаени со можностите за продолжување на образованието во нашето училиште, образовните профили, практичната настава, условите за работа и можностите за стекнување стручни знаења и вештини. Особено внимание беше посветено на претставување на профилот Агротехничар, како и на значењето на современото земјоделско производство, органското производство, хортикултурата и примената на современи земјоделски технологии.

Во текот на учебната 2025/2026 година беа реализирани и низа практични, проектни и промотивни активности со учениците, кои имаа значајна улога во претставувањето на училиштето и неговата воспитно-образовна дејност.

При посетите беа реализирани интерактивни и практични работилници со учениците од деветто одделение од подрачните училишта. Учениците беа запознаени со можностите за продолжување на образованието во нашето училиште, образовните профили, практичната настава, условите за работа и можностите за стекнување стручни знаења и вештини. Особено внимание беше посветено на претставување на профилот Агротехничар и Техничар за ветеринарна медицина, како и на значењето на современото земјоделско производство, органското производство, хортикултурата и примената на современи земјоделски технологии.

Во рамките на промотивните активности, со учениците од деветто одделение беа реализирани повеќе работилници преку кои тие имаа можност непосредно да се запознаат со практичната работа и наставните содржини што се реализираат во училиштето. На овој начин, учениците не само што добија информации за можностите за продолжување на образованието, туку имаа можност и практично да се вклучат во дел од активностите карактеристични за стручното образование.

На 17.09.2025 година, во рамките на предметот Органско производство и Цвеќарство, под менторство на предметните наставнички, беше реализирана практична работилница со учениците од профилот Агротехничар, во која беа вклучени и ученици од деветто одделение од подрачните училишта. Во рамките на работилницата беше реализирана берба на нане,

жалфија, рузмарин, оригано и лаванда. Учениците од деветто одделение имаа можност непосредно да се запознаат со начинот на одгледување, берба и примена на ароматични и лековити растенија. Активноста овозможи практично претставување на наставата и стекнувањето стручни знаења и вештини во училиштето.

На 23.09.2025 година, во рамките на предметот Органско производство, беше реализирана практична работилница со ученици од деветто одделение од подрачните училишта, во соработка со учениците од профилот Агротехничар. Работилницата опфати чистење на органската зеленчукова градина од растителни остатоци и подготовка на компост. Преку непосредно учество во активностите, учениците се запознаа со принципите на одржливото и органското земјоделско производство, рециклирањето на органската материја и одговорниот однос кон животната средина.

Во февруари 2026 година беше реализирана и интерактивна проектна работилница на тема „Климатски промени во земјоделството“, со учениците од II/1 клас, преку меѓупредметна соработка со наставата по Информатика. Флаерите наменски им беа поделени на ученици од деветто одделение од подрачните училишта, кои присуствуваа на трибината за ГМО во Офицерскиот Дом – Битола и имаа можност да се запознаат со влијанието на климатските промени врз земјоделското производство и со начинот на изработка на информативен флаер со примена на дигитални алатки. Проектната работилница придонесе за развивање на креативноста, дигиталните компетенции и свеста за актуелните предизвици во земјоделството.

По повод Светскиот ден на храната – 16 Октомври, на 15.10.2025 година беше организирана и реализирана едукативна работилница и трибина на тема „ГМО – решение за гладта во светот или предизвик?“, во соработка со European House – Битола. Во активноста учествуваа околу 40 ученици од основните училишта, меѓу кои и ученици од деветто одделение од подрачните училишта. Наставникот имаше улога на организатор и панелист, а во реализацијата учествуваа и ученички од клас III/1 – Сара Ѓ. , Ивана Ј. и Анабела Д. Преку работилницата и дискусијата, учениците од деветто одделение имаа можност да се информираат за современите прашања поврзани со производството на храна, земјоделството, генетски модифицираните организми и современите земјоделски технологии. Активноста претставуваше значајна можност за директна промоција на училиштето и неговите стручни содржини пред идните средношколци.

На 18.10.2025 година беше реализирано есенско орање и подготовка на зеленчуковата градина за нови култури – кромид и спанаќ, преку практична работилница во која беа вклучени ученици од деветто одделение од подрачните училишта, заедно со учениците од II/2, III/2 и IV/2. Активноста беше реализирана во соработка со наставниците по Полјоделство, Градинарство и Земјоделска механизација. Учениците од деветто одделение имаа можност непосредно да се запознаат со подготовката на почвата, примената на земјоделската механизација и основните постапки при подготовка на земјоделски површини за нов производен циклус. Преку оваа практична работилница на учениците им беше презентирана практичната работа како една од главните предности на стручното образование.

Значаен придонес во промоцијата на училиштето имаа и постигнатите резултати на учениците на натпреварите по Хортикултурни вештини. Ученик, под менторство на наставник, освои I место на Општински натпревар, во дисциплината изработка на цветен аранжман. Натпреварот беше дел од проект финансиран од Европската Унија и поддржан од Стопанската комора на Северна Македонија и здружението Тера-Фитон-Анимал.

По постигнатиот успех на општинско ниво, беше освоено и I место на Регионален натпревар по Хортикултурни вештини, со што дополнително се потврди квалитетот на практичната настава, стручноста на учениците и посветеноста на наставниот кадар.

Постигнатите резултати беа презентирани и во рамките на промотивните активности и работилниците со учениците од деветто одделение од подрачните училишта, со цел идните средношколци непосредно да се запознаат со можностите за развивање на практични вештини, таленти и учество на стручни натпревари.

Во текот на месец мај 2026 година беше реализирано и интервју со наставник вработен во училиштето на Македонското радио, посветено на промоцијата на училиштето, образовните профили и можностите што ги нуди за стекнување современи стручни и практични знаења. Во интервјуто посебно беше истакнато значењето на стручното образование во областа на земјоделството, практичната настава и можностите за професионален развој на учениците.

Во рамките на интервјуто беа претставени и постигнатите резултати на учениците на државниот натпревар на земјоделските училишта, каде училиштето освои III место во дисциплината Органско производство. Овој успех претставува значаен показател за квалитетот на практичната и стручната работа со учениците и претставуваше дополнителен аргумент во промоцијата на училиштето и неговите образовни профили.

Дополнителен значаен успех беше постигнат и на националниот натпревар по Хортикултура одржан во Скопје, во дисциплината аранжирање на цвеќе – изработка на икебана, каде ученичка од училиштето освои II место. Постигнатиот резултат претставува значаен показател за квалитетот на практичната настава, стручноста и креативноста на учениците, како и за посветеноста на наставниот кадар. Успехот беше искористен и како дел од промотивните активности со учениците од деветто одделение од подрачните училишта, со цел да им се покаже дека во училиштето имаат можност да ги развиваат своите практични вештини, креативност и таленти и да учествуваат на општински, регионални, државни и национални натпревари.

Во текот на целата учебна 2025/2026 година, сите значајни активности, практични работилници, проекти, ученички постигнувања, натпревари и други настани реализирани во училиштето континуирано беа објавувани и промовирани преку официјалната Facebook страница и веб-страницата на училиштето. На овој начин беше овозможена континуирана и навремена информираност на учениците од деветто одделение, нивните родители, учениците од училиштето, наставниците, локалната заедница и поширокатa јавност за активностите и можностите што ги нуди училиштето.

Објавувањето на практичните активности и ученичките достигнувања претставуваше важен дел од спроведувањето на уписната политика, бидејќи преку фотографии, прилози и информации за реализираните активности на јавноста ѝ беше овозможено непосредно да се запознае со практичната работа, проектите, стручните компетенции и успесите на учениците.

Официјална Facebook страница на училиштето: https://www.facebook.com/sozukuzmansapkarev/
Официјална веб-страница на училиштето: https://kuzmansapkarev.edu.mk/

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Средношколско земјоделско училиште
КУЗМАН ШАПКАРЕВ
БР. 07-145/1
16 06 2026 ГОД.

Годишен извештај за работата на Координаторот за УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА КАЈ РАБОТОДАВАЧ при СОЗУ,,Кузман Шапкарев" –Битола

За учебната 2025/2026г. координаторот за УПРРБлагојче Кривевски има изработено план за работа за учебната 2025/2026г. кој е дел од годишната програма на училиштето.

Изготвена е листа на работодавачи.Учениците се распоредени по компании со кои училиштето има Меморандуми на соработка.

Склучени се трипартитни договори за изведување на ПО на учениците.

Обезбедени се договори за секој ученик од страна на училиштето.

Координаторот беше во постојана координација со директорот на училиштето, со наставниците по УПР, со цел поуспешно спроведување на часовите по УПР.

Координаторот доставуваше информации до ЦССО коишто центарот ги бара во текот на годината.

Изработени беа планови за реализација и распределба на учениците во компанија за УПР.

Организирана беше обука за основна обука за безбедност и здравје при работа, којашто ќе се одвивашена почетокот на првото полугодие и за истата на учениците им беа издадени потврди.

Сите ученици беа осигурани за да можат непречено да ги посетуваат часовите за ПО.

Координаторот вршеше ажурирање на листата на компании и е во контакт со веќе постоечките.

Извршени се посети на компаниите кадешто учениците се на ПО и добиени се повратни информации за учениците и нивните задачи во компаниите.

Битола
16-06-2026г,

Координатор
Благојче Кривевски

Предмет: Извештај за работата на Кариерниот центар во
СОЗУ “Кузман Шапкарев”, Битола
(годишен 2025/26)

На почетокот на наставната 2025/26 година започна со работа Кариерниот центар во СОЗУ “Кузман Шапкарев” Битола со одлука за формирање на тим за кариерно советување во училиштето, со цел следење на индивидуалните афинитети на учениците и воедно давање на помош на учениците и нивните родители односно старатели во изборот за продолжување на високо образование и/или премин на пазарот на труд. Тимот се формира врз база на Правилникот за начинот на кариерно советување и избор на кариерен советник на учениците бр. 13-5853/4 од 10.06.2025 година на Министерството за образование и наука. Врз база на овај правилник, наставничкиот совет од 24.09.2025 година и член 131 од Статутот на Средно општинско земјоделско училиште “Кузман Шапкарев” од Битола донесе одлука тимот да се состои од: Нада Христовска, кариерен советник/наставник, Николче Бабовски, кариерен советник/наставник и Марија Филиповска, стручен соработник- психолог.

Во текот на прво полугодие направена е анкета/прашалник со цел да се анализираат, утврдат интересите, потребите и плановите на учениците во однос на нивната кариера. Заклучокот врз база на обработката на анкетните листови е дека учениците од четврта година во голем процент се стручно опрделени за својата кариера (60% од анкетираните) што има објаснување, ние сме сручно училиште од земјоделско - ветеринарна струка, сектор на земјоделство рибарство и ветеринарство. Вакви анкети се направени и во прва, втора и трета година со слични резултати после анализата.

СОЗУ “Кузман Шапкарев” е стручно училиште со релативно мал број на ученици и предноста е што можеме и реализираме чести средби со учениците како на индивидуално така и на групно ниво. На пример во завршната година се дванаесет ученици, за кои се отворени портфолиа за секој заинтересиран ученик и за неговиот кариерен развој кој имаме намера да го следиме уште најмалку шест месеци по завршувањето на образованието во нашето училиште. Во дополнување на овај податок следува информацијата дека учениците од четврта година се определиле за државна матура (3), државна стручна матура (2) и училишна стручна матура (6).

СОЗУ “Кузман Шапкарев” во Битола изработува и реализира активности во училиштето согласно со годишната програма за работа која се изработува во август секоја година, така да и во овогодинешната програма (Годишна програма 2025/2026) се внесени активностите на кариерниот советник што нас ни е пракса со години наназад. Истата е усвоена кај сите релевантни тела, во училиштето, во општината и се доставува до надлежните органи. Во оваа година според добиените напатствиа таа е само дообработена и во наредната година ќе биде додадена во оваа форма. Нашата програма која е усвоена е изработена во форма на активности кои ќе се реализираат во наставната година, по месеци. Предвидените активности се идентични.

Интеграцијата во наставниот процес се спроведува индивидуално од страна на класните раководители но и од настваниците по јазици. Во секој случај може да се прошири и реализира како меѓупредметна соработка од страна на кариерните советници и останатиот дел од наставниците.

Информацијата за постоењето и активностите на кариерниот центар и советниците за кариера се реализира со запознавање со сите ученици, групно, но и со информативни

содржини поставени на оглесна страна, вибер групи (завршни години - Матура 2025-2026). Кариерниот центар како кабинет но и тимот за кариерно советување со кариерните советници како носители на активностите е на располагање и за индивидуални советувања, располага и со пишани материјали, анкети, прашалници.

Соработката со надворешни партнери е нешто што се реализираше делумно во првото полугодие. Самите ученици изразија потреба да се посетат, соодветно на струката, работни места за непосредно запознавање со практичните задачи. Во рамки на Учење преку работа на работно место посетени се повеќе работни организации (пр: Анимал каре клиник, ветеринарна клиника, Др Чупона, ветеринарна амбуланта, Земјоделскиот комбинат -ЗИК Битола, Симпекс Битола). Во текот на второ полугодие се предвидени соработки и со високошколски образовни институции.

Во прилог на оваа информација следуваат конкретно превземените активности реализирани од страна на тимот за кариерно советување при нашето училиште.

- На 17.04.2026 во просториите на СОЗУ Кузман Шапкарев Битола имаше презентација на Воената Академија, можност за развивање на кариера во рамките на армијата на Р С Македонија.

-На 23.04.2026 во нашиот кариерен центар доставен рекламен материјал како и реализирана посета од страна на наш поранешен ученик, моментално професор на Земјоделски факултет во Скопје (Стојанче), кој воедно ги запозна со својата кариерна патека и можностите што оваа високо-образовна институција ги нуди sa pasвој на кариера.

- 24.04.2026 пред пациото на Офицерски дом Битола реализиран Отворен ден на УКЛО и пријателите, на кого беа претставени на штандови со материјали и можност да се разговара со претставници од сите факултети кои припаѓаат на оваа институција/универзитет.

- 06.05.2026, во рамките на нашиот кариерен центар беше реализирана промоција на Ветеринарниот факултет при УКЛО Битола. Учениците имаа можност да разговараат за уписот, наставната програма, можности за мобилност, кариера.

-На 09.05.2026 имавме привилегија да земеме учество на Семинарот од областа на Ветеринарната Медицина со меѓународно учество, на кого предавање имаше наш поранешен ученик, сега специјалист по хирургија (Владимир Стојаноски), Ветеринарната комора на РСМакедонија. Дискутирано за кариерните предизвици и трендовите во ветеринарната мендицина.

- На покана на Клубот на Лајонес поканети беа претставници од нашето училиште (Лидија Трајкова и Нада Христовска) да ги промовираат струките кои се изучуваат во нашето училиште, кариери, можности пред деветтодделенци од оптината Битола (14.05.2026).

- Отворен ден реализиран во нашето училиште со штандови на кои беа презентирани струките, можностите за кариерен развој наменет за деветтоодделинците. Како презентери, промотори зедоа активно учество наши ученици (18.05.2026).

-На 27.05.2026 во рамките на запознај ја струката, посета на работно место, реализирана посета на ИМЛЕК Битола, која е долгогодишен наш соработник, млекар. Посетена е лабораторијата во која работи наша поранешна ученичка, информации од прва рака!

-На 03.06.2026 посетен е комбинатот ЗИК, поточно краварската фарма во Новаци, каде наши ученици сега Доктори и Магистри од областа на Ветеринарна медицина работат. Повторно можност за директно запознавање со можностите за кариерен развој што ги нуди нашето училиште.

Следење и евалуација на работата на кариерниот центар и на советниците се реализира периодично врз база на анкетите, активностите за собирање на податоци, состаноци со ученици и родители како и состаноци на тимот за кариерно советување.

Битола, 12.06.2026

Кариерен тим:

Нада Христовска

Николче Бабовски

Марија Филиповска

Битола,
Август-2026

ВД Директор
Златко Крстевски